РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar | 07-05-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Nj.Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | -1556 | /1 | |

( Образец ПП……)

**До: Државна комисија за спречување на корупцијата**
**(имател на информацијата)**

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: /
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Колку функционери биле казнети за непријавување на имотните листови почнувајќи од 2020 година па се до 2024 година?
2. За кои точно функционери станува збор (за истиот наведен период како во првото прашање)?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Радовиш, 06.05.2024 година.**

______________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Burim Abazi**

| | |
|---|---|
| **From:** | [redacted] |
| **Sent:** | Monday, May 6, 2024 7:41 PM |
| **To:** | b.abazi@dksk.org.mk |
| **Subject:** | Барање за пристап до информации од јавен карактер - [redacted] 06.05.2024 година |
| **Attachments:** | Барање за пристап до информации од јавен карактер до ДКСК - [redacted] 06.05.2024.docx |

Почитувани,

Јас сум [redacted]. За потребите на мојата сторија, во прилог ви го испраќам моето барање за пристап до информации од јавен карактер во однос на тоа колку и кои функционери биле казнети за непријавување на имотниот лист.

Благодарам, очекувам Ваш одговор

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. / Nr. 03-1556/2
18-06-2024 г./v.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-1556/1 од 07.05.2024 година, доставено од [redacted] го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од [redacted], заведен под бр. 03-1556/1 од 07.05.2024 година, **СЕ УВАЖУВА.**

До барателот да се доставaт бараните информации на начин наведен во барањето, а по одвојување на податоците заштитени со закон.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

Барателот на информацијата, [redacted] до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое побара:

***„1.Колку функционери биле казнети за непријавување на имотните листови почнувајќи од 2020 година па се до 2024 година?***

***2. За кои точно функционери станува збор (за истиот наведен период како во првото прашање)?"***

Согласно член 22 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), ДКСК преку електронска пошта го извести барателот за продолжување на рокот за доставување на бараната информација, поради обемноста на бараните информации и потребата од одвојување на податоците кои се заштитетни со закон.

ДКСК одлучи да го уважи барањето и до барателот да се достават информациите за сторителите на прекршоци кои постапиле по издадените прекршочни платни налози, односно ја платиле глобата, како и за оние за кои прекршочната постапка е правосилно завршена, а за периодот до кога е предвидено чување и објавување на истите (за 2022, 2023 и 2024 година). Бараните информации ќе се достават на начин наведен во барањето, а по одвојување на податоците заштитени со закон односно личните податоци чие откривање би значело повреда на заштита на личните податоци.

Од сето погоре наведеното, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото.

Претседател,
Татјана Димитровска

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: Б.А – Службено лице

Да се достави до:
- подносителот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

03- 1556/3
18 -06- 2024

ДО
[redacted]

**Предмет:** Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш бр. 03-1556/1 од 07.05.2022 година, Ве известуваме за следното:

По однос на предметното прашање „***Колку функционери биле казнети за непријавување на имотните листови почнувајќи од 2020 година па се до 2024 година***" Ве известуваме за следното:

Во 2020 година за неподнесување/ненавремено поднесување на Изјава за имотна состојба и непријавување на зголемување на имот согласно член 82 и 85 од ЗСКСИ, издадени се вкупно **90** прекршочни платни налози.

Поради не подмирување на глобата утврдена во платниот налог, поднесени се **16** барања за поведување на прекршочна постапка за сторен прекршок согласно член 82 и 85 од ЗСКСИ.

Во 2021 година за неподнесување/ненавремено поднесување на Изјава за имотна состојба и непријавување на зголемување на имот согласно член 82 и 85 од ЗСКСИ, издадени се вкупно **87** прекршочни платни налози.

Поради не подмирување на глобата утврдена во платниот налог, поднесени се **31** барања за поведување на прекршочна постапка за сторен прекршок согласно член 82 и 85 од ЗСКСИ.

Во 2022 година за неподнесување/ненавремено поднесување на Изјава за имотна состојба и непријавување на зголемување на имот согласно член 82 и 85 од ЗСКСИ, издадени се вкупно **375** прекршочни платни налози.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Поради не подмирување на глобата утврдена во платниот налог, поднесени се **31** барања за поведување на прекршочна постапка за сторен прекршок согласно член 82 и 85 од ЗСКСИ.

Во 2023 година за неподнесување/ненавремено поднесување на Изјава за имотна состојба и непријавување на зголемување на имот согласно член 82 и 85 од ЗСКСИ, издадени се вкупно **120** прекршочни платни налози.

Поради не подмирување на глобата утврдена во платниот налог, поднесени се **27** барања за поведување на прекршочна постапка за сторен прекршок согласно член 82 и 85 од ЗСКСИ.

Во 2024 година за неподнесување/ненавремено поднесување на Изјава за имотна состојба и непријавување на зголемување на имот согласно член 82 и 85 од ЗСКСИ, издадени се вкупно **5** прекршочни платни налози.

Поради не подмирување на глобата утврдена во платниот налог, поднесени се **11** барања за поведување на прекршочна постапка за сторен прекршок согласно член 82 и 85 од ЗСКСИ.

По однос на предметното прашање ***„За кои точно функционери станува збор (за истиот наведен период како во првото прашање)?“*** Во прилог ви се доставува листа согласно Решението со бр. 03-1556/2 од 18.06. 2024 година со кое се уважува Вашето барање.

Со почит,

Претседател,
Татјана Димитровска

Изготвил: Б.А, службено лице

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, врз основа на член 106 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015), а согласно член 27 и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20) постапувајќи по Жалбата изјавена од [redacted] поднесена против Државната комисија за спречување корупција, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, на 19.06.2024 година го донесе следното

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 27-06-2024 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 03 | 1556 | 4 | |

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ЗАПИРА** постапката по Жалбата изјавена од [redacted] поднесена против Државната комисија за спречување корупција, заведена во Агенцијата под бр.08-168 на 19.06.2024 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **поради тоа што Жалбата се смета за повлечена**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted] како што е наведено во Жалбата, на 06.05.2024 година преку електронска пошта поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер до Државната комисија за спречување корупција, со кое побарал да му се достави електронски запис од следните информации:

„ 1. Колку функционери биле казнети за непријавување на имотните листови почнувајќи од 2020 година па се до 2024 година?

2. За кои точно функционери станува збор ( за истиот наведен период како во првото прашање)?."

Имателот на информации на ова Барање не одговорил во законски предвидениот рок, поради што Барателот на информацијата, во законски предвидениот рок поднел Жалба, заведена во Агенцијата под бр. 08-168 на 10.06.2024 година.

Агенцијата со електронски допис бр.08-168 од 10.06.2024 година ја препрати Жалбата до Имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијта да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации не одговори на дописот на Агенцијата.

На 19.06.2024 година Барателот на информаци до Агенцијата достави е-маил заведен под бр. 08-168, со кој ја извести Агенцијата дека „...ги добив одговорите од Државната комисија за спречување корупција и ве известувам дека ја повлекувам жалбата".

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за општата управна постапка **ЈА ЗАПРЕ ПОСТАПКАТА** по Жалбата, поради тоа што Барателот истата ја повлекол пред донесување на управен акт од второстепениот орган.

Согласно погоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен

пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение странката може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-168
19. 06 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Директор,
Пламенка Бојчева

Доставено до:
- архива на Агенцијата
- жалителот/барател на информацијата
- имател на информацијата